**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-524
04.03. **2015 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20, став 1, алинеји 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 година) во врска со член 12 став 1 и член 27 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.03-1557/1 од 27.02.2015 година, и Овластувањето бр.02-1564/1 од 27.02.2015 година, поради неисполнување во целост на обврската за објавување на податоци согласно член 12 став 1 од Законот за медиуми од страна на Друштвото за издавачка дејност, трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на печатениот медиум – магазинот „Unique", овластеното лице од страна на Директорот на Агенцијата на ден 04.03.2015 година го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка - опомена

1. СЕ ОПОМЕНУВА Друштвото за издавачка дејност, трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на печатениот медиум – магазинот „Unique", заради извршена повреда на член 12 став 1 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), односно поради тоа што во печатениот медиум – магазинот „Unique", (издание бр.63 за март 2015 година), не ја исполни во целост обврската од член 12 став 1 од истиот Закон, на начин што не ги објави податоците за: адресата на седиштето на издавачот на медиум.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е (по вид на надзор, субјект на надзор - издавач на медиум, издание – број и датум на негово издавање и констатации од извршениот административен надзор) во Писмениот извештај, бр.03-1557/1 од 27.02.2015 година, за извршен административен надзор на работењето на Друштвото за издавачка дејност, трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на печатениот медиум – магазинот „Unique", кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Друштвото за издавачка дејност, трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на печатениот медиум – магазинот „Unique", во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по решението.

4. Ова Решение е конечно.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република

Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 година) и член 27 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14), надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските од членовите 6, 7, 12 и 13 од Законот за медиуми.

Во согласност со член 27 став 2 од Законот за медиуми, мерките кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од Законот за медиуми.

Во согласност со член 23, став 1, алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки против издавач на медиуми согласно со овој Закон.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за стратешко планирање и авторски права, изврши редовен административен надзор кај субјектот на надзорот: Друштвото за издавачка дејност, трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на печатениот медиум – магазинот „Unique“, издание бр.63 за март 2015 година, од аспект на исполнувањето на обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми, согласно кој издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (примерок од печатен медиум) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум, име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци.

При извршениот административен надзор, констатирано е дека Друштвото за издавачка дејност, трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на печатениот медиум – магазинот „Unique“, во изданието бр.63 за март 2015 година, не ја исполни во целост обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми односно не ги објави податоците за: адресата на седиштето на издавачот на медиум.

Повредата од точка 1 од оваа Одлука, специфицирана е (по вид на надзор, субјект на надзор - издавач на медиум, издание – број и датум на негово издавање и констатации од извршениот административен надзор) во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.03-1557/1 од 27.02.2015 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 20, став 1, алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во врска со член 12 став 1 и член 27 од Законот за медиуми и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.03-1557/1 од 27.02.2015 година, поради неисполнување во целост на обврската за објавување на податоци согласно член 12 став 1 од Законот за медиуми, овластеното лице од страна на Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Друштвото за издавачка дејност, трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на печатениот медиум – магазинот „Unique“, се презема мерка – опомена и му се наложи, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него издавачот на медиум може да поднесе тужба

за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по овластување на Директорот,**

**м-р Магдалена ДАВИДОВСКА ДОВЛЕВА**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение издавачот на печатен медиум може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**
-Писмен извештај за извршен административен надзор бр.03-1557/1 од 27.02.2015 година.

**Доставено до:**
- Друштвото за издавачка дејност, трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на печатениот медиум – магазинот „Unique";
- Управителот на Друштвото за издавачка дејност, трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на печатениот медиум – магазинот „Unique";
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Секторот за стратешко планирање и авторски права;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

| Примено: 27.02.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1557 | 1 | |

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за издавачка дејност,трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Unique", и тоа:

   - изданието бр.63 на магазинот „Unique" за март 2015 година

3. **Датум на извршување на надзорот:** 27 февруари 2015 година

4. **Предмет на надзорот:**

   Надзорот се врши со цел да се констатира дали издавачот на печатен медиум, Друштвото за издавачка дејност,трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ја исполнува обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми, според кој *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

5. **Претходно изречена мерка:** нема

6. **Констатации од надзорот:**

   Со редовниот надзор е констатирано дека Друштвото за издавачка дејност,трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Unique", во изданието бр.63 од март 2015 година само делумно ја исполнил обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми, односно не ги објавил податоците за:

   - адресата на седиштето на издавачот на медиум

7. **Опис на прекршувањето:**

Со надзорот врз Друштвото за издавачка дејност,трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје е утврдено дека издавачот на печатен медиум **не ја исполнил во целост** обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми.

8. **Предлог мерка:**

Имајќи во предвид дека Друштвото за издавачка дејност,трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје во текот на 2015 година не е опомент за прекршувањето на член 12 став 1 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13 и 13/14), согласно член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се дава следната предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Друштвото за издавачка дејност,трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***